Ul.Vasil Gjorgov 11, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
tel: 02 5 208 249 mail: contact@florozon.org.mk

**ПРЕДМЕТ:** Јавен повик за изразување на интерес за ангажирање на IT/WEB инженер за техничка поддршка и одржување на веб портал и база на податоци на Проектот "Развој на еколошко истражувачко новинарство"

Почитувани,

Здружението на граѓани ЦЕД Флорозон објавува повик за избор на IT/WEB инженер за техничка поддршка и одржување веб портал и базата на податоци за потребите на Проектот „Развој на еколошко истражувачко новинарство". Проектот е финансиран од Европската Унија (ЕУ). Со повикот, ќе биде избран еден (1) инженер, кој ќе биде одговорен за одржување на веб порталот на Проектот и за спроведување на секојдневни активности како и за одржување на базата на податоци на Проектот за потребите на проектот во согласност со доставениот ***Опис на надлежности.***

Проектот „Развој на еколошко истражувачко новинарство" е финансиски поддржан од Европската Делегација во Република Македонија од грантовата шема Поддршка на граѓанските организации, Градење на капацитети на граѓанските организации и слобода на медиумите Action 2014 Europe Aid/136-992/DD/ACT/MK.Главна цел на проектот е зајакнување на соработката помеѓу граѓанските организации и медиумите за развој на истражувачкото еколошко новинарство, воведување на иновативни алатки за граѓанско новинарство, вмрежување, размена на релевантни информации и креирање на услови за финансиска поддршка. Проектот го спроведува Здружението на граѓани ЦЕД ФЛОРОЗОН од Скопје во партнерство со Здружението за развој на ромската заедница СУМНАЛ од Битола.

Со почит,

Кирил Ристовски

Проектен менаџер

*17.06.2016*

...roject is funded under the grant scheme "Support to Civil Society Organizations under ...l Society Facility and Media Freedom Action 2014 EuropeAid/136-992/DD/ACT/MK

## ***Основни податоци***

Центарот за еколошка демократија Флорозон е формирана во 2005 година и е невладина, непрофитна и независна организација која што работи на промоција и заштита на пристапните права до животната средина на граѓаните, развојот на еколошката демократија и намалувањето на сиромаштијата. Исто така, организацијата активно работи на промоција на човековите права за здравствена заштита, побезбедна животна околина и подобрување на квалитетот на живот, како на домашно, така и на меѓународно ниво. Активностите на ЦЕД Флорозон вклучуваат и други области кои што се поврзани со животната средина како што е земјоделството и руралниот развој. Организацијате е како членка на Иницијативата за пристап (TAI) и Европскиот Еко-Форум а тесно соработува со EMLA од Унгарија, Светскиот Институт за Ресурси(WRI) од Вашингтон и Access Info Europe од Шпанија.

## ***Цел на проектот:***

Сеопфатната цел на овој проект е зајакнување на соработката помеѓу граѓанските организации и медиумите во државата.

## ***Специфични цели на проектот:***

- развој на истражувачко новинарство базирано на соработка помеѓу граѓанските организации и медиските куќи;
- создавање на функција на надгледувач која ќе се спроведува преку воведување на иновативни алатки за граѓанско новинарство;
- подобрено еко-новинарство засновано на соработка, вмрежување, размена на релевантни информации како и овозможување на финансиска поддршка.

За да се постигнат горенаведените цели, се очекува проектот да ги испорача следните резултати:

*Резултат 1*: Изградени капацитети на сите чинители засегнати со проектот во однос на обезбедување на релевантни информации поврзани со животната средина во државата.

*Резултат 2*: Воспоставено и целосно функционално партнерство помеѓу граѓанските организации и медиумите.

Ul.Vasil Gjorgov 11, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
tel: 02 5 208 249 mail: contact@florozon.org.mk

*Резултат 3*: Подобрен пристап до релевантни информации поврзани со животната средина до јавноста преку воведување на ефикасни методи на граѓанско и истражувачко новинарство.

## 1. Цел и намена и очекувани резултати на конкретната активност

Проектот развој на еколошко истражувачко новинарство како дел од своите активности креираше веб портал ecologist.mk. Порталот претставува клучен столб на Проектот кој што овозможува соодветно покривање на еколошките истражувачки стории, вклучува разни проектни активности како Hall of fame/Wall of shame, каде што посетителите можат да објавуваат свои фотографии од секојдневниот живот кои ги прикажуваат позитивните и негативните примери на однесувањето на јавноста и индустријата кон животната средина. Проектот предвидува и наградување на најдобрите фотографии од овие две категории. Исто така, веб порталот служи за информирање и промовирање на сите проектни активности и резултати и се користи како алатка за видливост на проектните активности во текот на нивното спроведување и содржи ажурирани податоци и новини поврзани со животната средина од државата, регионот и светот. Основната цел на Веб порталот е да обезбедува транспарентност и легитимност на проектните активности.
Намената на конкретната активност е ангажирање на IT/WEB инженер за техничка поддршка и одржување веб портал и базата на податоци на Проектот, со цел одржување на веб порталот на Проектот, пополнување на содржината на порталот во координација со лицето одговорно за односи со јавност на Проектот, одржување на Веб порталот како и одржување на податоците на Проектот.

## 2. Домен на работа

### 2.1 Опис на работната задача

Во рамките на проектните активности предвидено е ангажирање на еден (1) IT/WEB инженер за техничка поддршка и одржување веб портал и базата на податоци за потребите на Проектот во период од 9 месеци.

### 2.2. Специфични активности

- Севкупна одговорност за активностите поврзани со ИТ
- Соодветно поставување на точни информации на веб порталот на Проектот
- Соодветно поставување и споделување на истражувачки стории
- Координација и асистенција на лицето одговорно за односи со јавност на Проектот за поставување и споделување на информациите на порталот
- Соодветно и транспарентно споделување на проектните активности
- Следење, администрирање и споделување на фотографиите кои се објавуваат на Порталот од страна на посетителите (лицето кое ќе биде ангажиранио мора да внимава на содржината на

фотографијата која се објавува, возраста на лицата кои се пријавуваат за учество, заштита на лични податоци итн.)

- Следење и администрирање на целокупниот процес на избор на најдобри фотографии
- Одржување на порталот на Проектот
- Одржување на податоците на Проектот

## 3. Временска рамка и предвиден хонорар

Лицето кое ќе биде избрано за оваа позиција ќе биде ангажирано на Проектот во периодот од 01.07.2016 до 01.03.2017 година.

## 4. Локација

Скопје

## 5. Потребни квалификации и начин за аплицирање

Индивидуалните кандидати или ИТ компании кои се заинтересирани да соработуваат со Проектот "Развој на еколошко истраувачко новинарство" можат да ги поднесат потребните документи во PDF формат на следните e-mail адреси: ivana@florozon.org.mk and contact@florozon.org.mk, или лично на Ул. Васил Ѓоргов бр. 11 (втор спрат).

Кандидатите потребно е да ги имаат следните квалификации:

- Искуство во програмирање на веб содржини
- Одлично познавање на програмските јазици HTML, CSS I JavaScript
- Одлично познавање на алатките за дизајнирање како што се Adobe Photoshop Illustrator
- Напредно познавање на современите веб развојни технологии
- Одлични комуникациски вештини за тимска работа

## 6. ИТ компаниите треба да ги поднесат следните документи:

- Портфолио на компанијата
- Референтна листа
- Цена за понудената услуга **без ДДВ**

## 7. Индивидуалните експерти треба да ги поднесат следните документи:

- Работна биографија
- Краток опис кој ќе укаже дека го поседуваат соодветното професионално знаење и искуство за да учествуваат во горенаведените проектни активности
- Методологија и организација за предложената активност
- **Бруто цена** за понудената услуга

## 8. Критериуми за избор

- Квалитет на понудата **70 поени**
- Понудена цена **30 поени**

**ВКУПНО 100 поени**

Понудувачите треба да доставаат бараната документација најдоцна до **27.06.2016 до 16:00 часот**, а понудувачот со најмногу освоени поени ќе биде земен предвид за разгледување и дополнително ќе биде известен и повикан за склучување на договор.

roject is funded under the grant scheme "Support to Civil Society Organizations under l Society Facility and Media Freedom Action 2014 EuropeAid/136-992/DD/ACT/MK